Република Северна Македонија

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка
Бр. 04-175/11
19.7. 20 21 год.

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019 и 14/2020), Претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка донесе:

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување по интерниот оглас бр.03/2021

1.По спроведената постапка за унапредување во Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка по интерниот оглас за унапредување на административен службеник бр.03/2021 објавен на ден 25.06.2021 година, на веб страната на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и веб страната на Агенција за администрација, се врши избор на следниот кандидат:

1. За работното место–Раководител на одделение за прекршоци од областа на внатрешните работи и други области**, се избира кандидатот Милена Стаменковиќ**;

2. Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Финална-ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат на Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение бр.04-175/8 од 13.07.2021 година.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства Бр.18-5583/2 од 22.06.2021 година, од Министерството за финансии, на ден 25.06.2021 година објави интерен оглас бр.03/2021 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, на веб страната на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и веб страната на Агенција за администрација

На објавениот интерен оглас бр.03/2021 за унапредување на административен службеник за работното место: Раководител на одделение за прекршоци од областа на внатрешните работи и други области, Одделение за

прекршоци од областа на внатрешните работи и други области, Сектор за прекршоци–1 извршител, се пријавил само 1 кандидат.

На ден 13.07.2021 година, Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-175/8 од 13.07.2021 година, спроведе административна селекција, односно изврши увид во доставената пријава и приложените докази на пријавениот кандидат и изготви Записник од административна селекција за интерен оглас Бр.04-175/9 од 13.07.2021 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју.

На ден 13.07.2021 година, Претседателот на Државната комисија спроведе и интервју со пријавениот кандидат и до комисијата за селекција достави Извештај врз основа на кој комисијата за селекција состави Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-175/10 од 13.07.2021 година, со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

По спроведената целокупна постапка согласно Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување до претседателот на Државната комисија достави Записник од административна селекција Бр.04-175/9 од 13.07.2021 година, со прилог Список на уредни и неуредни кандидати и Ранг листа на кандидати кои продолжуваат на интервју и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спорведување на интервју Бр.04-175/10 од 13.07.2021 година, со прилог Список на кандидати со кои е спроведено интервјуто со освоени бодови од интервјуто и Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на наведеното, претседателот на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација–Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА,**
**Елизабета Русеска**

ДОСТАВЕНО ДО:

-кандидатот;

-архивата на Државната комисија